Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TË DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0901-124/1
21.05. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од**
**19-тата седница на**
**Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржана на 08.07.2020 година**

На 08.07.2020 година со почеток во 13:00 часот, а со цел почитување на мерките за безбедност и заштита од вирусот КОВИД-19, преку електронска врска, се одржа деветнаесеттата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

На состанокот присуствуваа: г-а Рената Дескоска – Министер за правда, г-а Даница Џонова - В.Д. Директор на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП- Владин Агент, г-дин Киро Здравев – Претседател на Судскиот совет на РСМ, г-дин Николчо Николовски – судија во Врховниот суд на РСМ, г-а Лидија Димчевска – Претседател на Апелациониот суд Скопје, г-а Жаклина Доведен – судија во Апелационен суд Битола, г-дин Шефајет Хајдири - судија во Апелационен суд Гостивар, г-дин Зоранчо Мицевски - судија во Апелационен суд Штип, г-а Фани Илиевска – судија на Виш управен суд, г-а Виолета Илиевска – судија на Виш управен суд, г-а Мирјана Василевска - судија во Виш управен суд, г-дин Александар Лазов – Генерален Секретар на Уставниот суд, Татјана Трајковска – претставник од Министерство за финансии, како и г-а Катерина Жатева и г-а Ана Фуна од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

Своето отсуство од состанокот навремено го најавија Министерството за надворешни работи, Министерот за внатрешни работи, Министерката за финансии, Советот на јавни обивинители и ЈОРМ.

Состанокот го отвори Министерката за правда, г-а Рената Дескоска, а дневниот ред за состанокот, беше усвоен без никакви забелешки од присутните.

Состанокот продолжи со дискусија по точките од дневниот ред:

1. **Тасев против Република Македонија, А. бр. 9825/13, пресуда од 16 мај 2019**

Претседателот на Судскиот совет извести дека се изготвени измени и дополнувања на Деловникот за работа на Судскиот совет, врз основа на координацијата со Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП и дека истите многу набрзо треба да бидат на дневен ред за усвојување.

2. **Синадиновска против Република Северна Македонија, А.бр.27881/06, пресуда од 16 јануари 2020**

Судијата Николовски од Врховниот суд, извести дека на линија на препораките на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, изготвени се заклучоци на одделот за судење во разумен рок и соопшти дека тие набрзо, иако со мало задоцнување од рокот во препораката на Бирото дадена согласно членот 4 алинеја 12 од Законот за

застапување на РСМ пред ЕСЧП согласно кој Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП изготвува препораки за можни постапувања на домашните судови и државните органи заради извршување на одлуките на ЕСЧП во случај на констатирана повреда на ЕКЧП од страна на државата, ќе бидат усвоени, а за тоа Бирото ќе биде соодветно известено.

3. **Л.Р. против Република Северна Македонија, А.бр. 38067/15, пресуда од 23 јануари 2020**

Бирото за застапување извести дека за потребите на извршување на конкретната пресуда имајќи ги предвид констатираните повреди и праксата на Комитетот на министри, неопходно е обвнителството да преземе активности во насока на продолжување или преземање на свежа истрага, доколку постојат услови за тоа. Бирото извести дополнително дека со оглед на таквите состојби веќе е во координација со обвинителството за целите на прибрање на соодветни информации и продолжување на истрагата и изрази задоволство за динамичната комуникација на надлежните обвинителстава со Бирото по повод неговите барања.

4. **Трајковски и Чиповски против Република Северна Македонија, А.бр. 53205/13/15 и 63305/13, пресуда од 13 февруари 2020**

Бирото за застапување пред ЕСЧП информираше за усвоениот заклучок на Владата во однос на задолжението за бришење на ДНК записите и уништување на евентуалниот биолошки материјал од апликантите, како неопходни индивидуални мерки за извршување на пресудата на ЕСЧП, што неспорно произлегува од праксата на Комитетот на Министри во други слични случаи, како и потребата од измени на Законот за полиција, имајќи предвид дека изворот на повредата се токму законските одредби кои дозволуваат трајно чување на ДНК записите но и на други лични податоци. Меѓуресорската комисија ги подржа заклучоците усвоени од страна на Владата на РСМ за целите на извршување на пресудата на ЕСЧП. Истовремено, беше потенцирана и потребата извршувањето на оваа пресуда да се разгледа и во светло на новиот Закон за заштита на личните податоци и потребата за усогласување согласно преодните и завршните одредби на останатото зкаонодавство со одредбите на новиот Закон.

5. **Ромева против Република Северна Македонија, А.бр. 32141/10, пресуда од 12 декември 2019**

6. **Јакимовски и Кари превоз против Република Северна Македонија, А.бр. 51599/11, пресуда од 14 ноември 2019**

Точките под реден број 5 и 6 се разгледуваа заеднички имајќи предвид дека во двата случаи станува збор за управни постапки, односно спорови во однос на кои се врзуваат констатираните повреди на Конвенцијата, а притоа повредите како констатирано од страна на ЕСЧП во пресудите, не извираат од законодавството, туку од начинот на интерпретација и примена на домашното законодавство. Бирото за застапување извести дека имајќи ги предвид ваквите потреби, веќе упатило препораки за извршување на пресудата, а согласно своите овластувања од Законот за застапување пред ЕСЧП, до Вишиот управен суд со кои било побарано истиот да заземе соодветни

ставови/заклучоци, а на линија на ставовите на ЕСЧП изнесени во предметните пресуди со цел превенирање на идни слини повреди на ЕКЧП. Бирото ја информираше Меѓуресорската комисија за одговорот што е добиен како рекација на препораките од Бирото и притоа беа објаснети причините поради кои Бирото останува на своите препораи кои беа поддржани од страна на Комисијата. По дискусијата од страна на присутните преставници од Вишиот управен суд беше дадено уверување за преземање на потребните дејствија согласно препораките на Бирото, кои крајно беа оценети како целисходни и потребни за извршување на пресудите на ЕСЧП.

Истовремено, Бирото ја информираше Комисијата за статусот по однос на индивидуалните мерки во овој случај.

7. **Анастасов против Република Северна Македонија, А.бр.46082/14, пресуда од 26 септември 2019**

Во контекст на пресудата во случајот на Анастасов, беше акцентирано дека во случајот станува збор за повторувачки случај и дека во контекст на претходните пресуди на ЕСЧП кои детектираат слични повреди на ЕКЧП, пред Комитетот на министри е веќе преземена обврска за соодветни законски измени во кривичното законодавство за целите на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП, а Бирото извести дека ги следи и активностите на АСЈО во насока на обуки за членот 6 од ЕКЧП во кривични предмети, кои исто така се во функција на извршувањето на целата група на пресуди на ЕСЧП против државата, во контекст на која е класифицирана и предметната пресуда. Беше постигната согласност дека потребните иззмени треба да се разгледаат при првите измени на соодветниот дел од кривичното законодавство.

8. **Авто Атом ДОО Кочани против Република Северна Македонија, А.бр. 21954/16, пресуда од 28 мај 2020**

Имајќи ги предвид спецификите на причините поради кои е констатирана повреда на ЕКЧП во предметната пресуда, како и во светло на тековните консултации на Бирото со Одделот за извршување на пресудите на ЕСЧП, беше постигната согласност дека во случајот е најцелисходно по завршување на таквите консултации Бирото во билатерална соработка со Министерството за финасии, да ги разгледа потребните мерки за целите на извршување на пресудата, осбено во контекст на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП.

9. **Адиловска против Република Северна Македонија, А.бр. 42895/14, пресуда од 23 јануари 2020**

Членовите постигнаа согласност дека во случајот се работи за изолиран случај и дека во случајот акцентот е на индивидуалните мерки. Бирото извести дека во оваа смисла ќе следи дали апликантката ќе поднесе барање за повторување на спорната домашна постапка, а воедно информираше дека Бирото на крајот од јуни веќе имало упатено препорака до надлежниот суд за постапување во случај на евентуално барање за повторување на постапката при што е побарана и информација за тоа дали аликантката има поднесено такво барање.

**10. Олури против Република Северна Македонија, А.бр.3368/18, пресуда од 16 јануари 2020**

Бирото потсети дека во случајот на оваа пресуда се работи за повторувачки случај на пресудата Митови, кој чека долго на преземање на општи мерки со цел превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП. Притоа Бирото потсети на активностите преземени во соработка со Советот на Европа со цел идентификација и проценка на потребите за целите на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП, вклучително, но не и ограничено на потребите за измени во домашното законодавство, а имајќи ги предвид околностите на случаите. Бирото информираше дека постои можност да се продолжи и да се продлабочи таквата соработка со Советот на Европа. Сепак, Бирото извести дека достапните информации и проверки на Бирото се во насока на тоа дека во текот на 2000 година не е предвидено менување на Законот за семејство, кој бара најприоритетни измени за целите на извршување на пресудата, поради што на прашањето на извршувањето на оваа пресуда беше заклучено дека е потребно да се наврати Комисијата во следна прилика.

**11. Група на предмети Православна Охридска Архиепископија против Република Северна Македонија, (Православна Охридска Архиепископија А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2020 – водечки предмет, Бекташиска верска заедница и други А.бр. 48044/10 пресуда од 12 април 2018, Ставропигијален Манастир Св. Јован Златоуст А.бр. 52849/09, пресуда од 29 ноември 2018 и Црква на Вистинските Православни Христијани и Ивановски А.бр. 35700/11, пресуда од 29 ноември 2018)**

Во контекст на оваа група на предмети Бирото извести за статусот на извршување на истите и побара ажурирање на податоците во однос на динамиката и статусот на повторените постапки кои сеуште се во тек.

**12. Х против Република Македонија, А.бр.29683/16, пресуда од 17 јануари 2019**

Меѓуресорската комисија беше информирана за активностите како во делот на поединечните, така и во делот на општите мерки за извршување на пресудата и препораките дадени од страна на Бирото за целите на извршување на предметната пресуда. Во однос на детектираните проблеми во делот на индивидуалните мерки, беше постигната согласност за продолжување на трилатералниот дијалог меѓу Бирото, Министерството за правда и Управата за водење на матичните книги во насока на спроведување на одлуката на надлежната второстепена комисија. Истовремено, комисијата беше известена и за соработката со Советот на Европа, за целите општите мерки неопходи за целите на извршување на предметната пресуда и динамиката и плановите на работната група, која работи на измените на Законот за матична евиденција.

**13. Стрезовски и други против Република Северна Македонија, А.бр.14460/16, и 7 други, пресуда од 27 февруари 2020**

Меѓуресорската комисија ја разгледа пресудата која стана правосилна на 27.06.2020 година и заклучи дека во светло на правосилноста на пресудата и индициите дека пред домашните судови има сеуште тековни постапки од сличен карактер кои се однесуваат на Правилата за топлинска енергија од 2012 година, а во насока на превенирање истите

да завршат со нови апликации пред ЕСЧП и во насока на динамична и брза реакација, Бирото за застапување врз основа на својата надлежност од членот 4 од Законот за застапување треба во најитен можен рок да упати препораки до сите судски инстанци, кои во околностите на случајот треба да ги изразат следниве ставови прво, прифаќање на барањата за повторување на спорните постапки на кои се однесува пресудата, а наведени во параграф 9 од пресудата на ЕСЧП, доколку истите бидат поднесен согласно законските рокови од страна на апликантите; второ, во повторените постапки да се имаат предвид принципите и становиштата на ЕСЧП изразени во пресудата, причините врз основа на кои ЕСЧП констатирал повреда во случајот и обврската на државата за извршување на пресудите на ЕСЧП и трето, во тековните постапки по ист правен основ и со слични фактички и правни околности како оние на кои се однесува пресудата Стрезовски и други против РСМ, да се имаат во предвид принципите и становиштата изразени во пресудата на ЕСЧП во случајот Стрезовски и други против РСМ и причините врз основа на кои ЕСЧП констатирал повреда на Конвенцијата, како и да комплементарната обврска на државата за извршување на пресудите на ЕСЧП од член 46 од ЕКЧП.

**14. Пауновски против Република Северна Македонија, А.бр.18669/08, пресуда од 6 јуни 2019**

Бирото за застапување пред ЕСЧП информираше за пресудата на ЕСЧП, при што имајќи го предвид видот на констатираната повреда и времето на случување на спорните околности поради кои е констатирана повредата на ЕКЧП, Бирото информираше дека во врска со конкретниот случај Комитетот на министри веќе има донесено финална резолуција врз основа на акциониот извештај кој претходно Бирото го изготви и го достави до Комитетот на министри.

Меѓуресорскта комисија беше известена и за пресудата на ЕСЧП во случајот Бошкоски против РСМ, која се уште не беше правосилна.

Меѓуресорската комисија ја разгледа можноста за функционирање во новонастаната ситуација предизвикана со пандемијата и му препорача на Бирото за застапување да ги координира процесите на извршување на пресудите на ЕСЧП, во соработка со сите домашни надлежни институции, соодветно и во соработка со Комитетот на министри и Одделот за извршување на пресудите на ЕСЧП при наделжниот Генерален директорат на Советот на Европа и изрази задоволство од информацијата и напорите на Бирото за поголема динамика во процесот на извршување и во таа смисла подинамично и благовремено координаирање на потребните активности за целите на извршување на на пресудите на ЕСЧП. Во таа смила беше поздравена иницијативата на Бирото за заживување на надлежноста согласно членот 4 од Законот за застапување на РСМ пред ЕСЧП за давање на препораки за целите на извршување на пресудите на ЕСЧП, и информациите за ефектите од истите, во смисла на респонсивноста на домашните институции.

Согласно усвоениот дневен ред и дискусијата на 19-тиот состанок на Меѓуресорската Комисија беа усвоени следните:

**Заклучоци и препораки од 19-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

- **Тасев против Република Северна Македонија, А.бр. 9825/13, пресуда од 16 мај 2019**

  1. Се препорачува Бирото за застапување пред ЕСЧП да го следи усвојувањето на најавените измени и дополнувања во Деловникот за работа на Судскиот совет и последователно до Комитетот на министри да достави акционен извештај со кој ќе предложи затворање на извршувањето на предметната пресуда на ЕСЧП.

- **Синадиновска против Република Северна Македонија, А.бр.27881/06, пресуда од 16 јануари 2020**

  1. Се препорачува Бирото за застапување по усвојувањето на најавените заклучоци на надлежниот Оддел во Врховниот суд, и по добивање на потребното известување од страна на Врховниот суд, последователно до Комитетот на министри да достави акционен извештај со кој ќе предложи затворање на извршувањето на предметната пресуда на ЕСЧП.

- **Л.Р. против Република Северна Македонија, А.бр. 38067/15, пресуда од 23 јануари 2020;**

  1. Се препорачува Бирото за застапување на РСМ да ги следи активностите на надлежното обвинителство во насока на спроведување на ефикасна истрага во случајот, по потреба да презема активности во насока на координација на извршувањето на предметната пресуда и за развојот и динамиката да ја информира Комисијата на следната седница.

- **Трајковски и Чиповски против Република Северна Македонија, А.бр. 53205/13/15 и 63305/13, пресуда од 13 февруари 2020**

  1. Се препорачува Бирото за застапување на РСМ да ги следи активностите кои државата треба да ги преземе за целите на извршување на предметната пресуда на линија на усвоените заклучоци од Владата на РСМ, а во однос на динамиката и понатамошните консултации со Одделот за извршување на пресудите при надлежниот Генерален директорат на Советот на Европа да ја информира Комисијата на следната седница.

- **Ромева против Република Северна Македонија, А.бр. 32141/10, пресуда од 12 декември 2019**

- **Јакимовски и Кари превоз против Република Северна Македонија, А.бр. 51599/11, пресуда од 14 ноември 2019**

  1. Се препорачува на Вишиот управен суд да ја преразгледа можноста за постапување по препораките на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП дадени во согласност со член 4 од Законот за застапување на РСМ пред ЕСЧП, а во функција на извршување на пресудите на ЕСЧП во случајот Ромева и Јакимовски и Кари превоз.

- **Анастасов против Република Северна Македонија, А.бр.46082/14, пресуда од 26 септември 2019**

  1. Се препорачува Министерството за правда и Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП да ги имаат предвид преземените обврски пред Комитетот на министри во однос на измени на домашното процесно кривично законодавство, при првата измена на Законот за кривична постапка.

- **Авто Атом ДОО Кочани против Република Северна Македонија, А.бр. 21954/16, пресуда од 28 мај 2020**

  1. Се препорачува Бирото за застапување во координација со Министерството за финасии особено Управата за јавни приходи да ја разледаат можноста од потребните мерки за целите на извршување на пресудата на ЕСЧП во случајот Авто Атом ДОО Кочани.

- **Адиловска против Република Северна Македонија, А.бр. 42895/14, пресуда од 23 јануари 2020;**

  1. Се препорачува Бирото за застапување да прибави ажурирани информации во однос на евентуално поднесено барање од страна на апликантката за повторување на домашната спорна постапка.

- **Х против Република Македонија, А.бр.29683/16, пресуда од 17 јануари 2019;**

  1. Се препорачува на Министерството за правда и Бирото за застапување да ги продолжат активностите во насока на извршување и спроведување на решението на надлежната второстепена комисија.

  2. Се препорачува на Управата за водење на матичните книги во најитен рок да пристапи кон спроведување и извршување на решението на надлежната второстепен комисија.

- **Стрезовски и други против Република Северна Македонија, А.бр.14460/16, и 7 други, пресуда од 27 февруари 2020;**

  1. Се препорачува Бирото за застапување во најитен рок до надлежните граѓански судови од сите инстанци да достави препораки согласно член 4 од Законот за застапување на РСМ пред ЕСЧП прво, за

прифаќање на барањата за повторување на спорните постапки на кои се однесува пресудата, а наведени во параграф 9 од пресудата на ЕСЧП, доколку истите бидат поднесен согласно законските рокови од страна на апликантите; второ, препорака во повторените постапки да се имаат во предвид принципите и становиштата на ЕСЧП изразени во пресудата, причините врз основа на кои ЕСЧП констатирал повреда во случајот и да се има во предвид обврската на државата за извршување на пресудите на ЕСЧП и трето, препорака во тековните постапки по ист правен основ и со слични фактички и правни околности како оние на кои се однесува пресудата Стрезовски и други против РСМ, во согласност со член 2 став 1 и член 18 став 5 и 6 од Законот за судови, да се имаат предвид принципите и становиштата на ЕСЧП изразени пресудата во случајот Стрезовски и други против РСМ и причините врз основа на кои ЕСЧП констатирал повреда на Конвенцијата, како и комплементарната обврска на државата за извршување на пресудите на ЕСЧП од член 46 од ЕКЧП.

в.д. Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП – Владин агент
Даница Џонова